Врз основа на член 163 од Законот за високото образование и членовите 45 и 46 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Св.Климент Охридски“ Битола, а согласно Одлуката на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет Велес од 27.12.2018 година, Деканот на Технолошко-технички факултет Велес при Универзитетот „Св.Климент Охридски“ Битола, распишува

# И Н Т Е Р Е Н   О Г Л А С

За избор на демонстратори за изведување вежби во летниот (парен) семестар во академската 2018/2019 година по следните предмети:

**1.Технолошко-технички факултет Велес**
1.1.Органска хемија - еден извршител;
1.2.Аналитика на храна – еден извршител;
1.3.Познавање на исхрана 2 – еден извршител;
1.4.Процеси на подготовка на храна - еден извршител.

**2. Технолошко-технички факултет Велес-Дисперзирани студии Битола**
2.1.Органска хемија - еден извршител;
2.2.Аналитика на храна – еден извршител;
2.3.Основи на диетотерапија - еден извршител;
2.4. Технологија на храна од неживотинско потекло - еден извршител;
2.5.Основи на физиологија на човекот - еден извршител;
2.6.Технологија на вода и отпадна вода - еден извршител;
2.7.Основи на Технолошки операции - еден извршител;
2.8.Сензорна анализа на храната – еден извршител;
2.9.Познавање на исхрана 2 - еден извршител;
2.10.Процеси на подготовка на храна - еден извршител;
2.11.Биохемија 2 - еден извршител;
2.12.Интернет и мултимедија - еден извршител;
2.13.Деловно и професионално комуницирање – еден извршител;

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните општи и посебни услови:

1.Да е студент на втор или трет циклус на студии;
2.Студиите од првиот циклус да ги завршил со просечна оцена од најмалку 8,00 (осум);
3.Да има добиено две препораки од наставниците на факултетот;
4.Да поседува комуникациски вештини и
5.Да има познавања од MS Office.

Пријавите се поднесуваат **лично** во Архивата на **Технолошко-технички факултет Велес, ул.„Димитар Влахов“ бб, од 08.00 до 14.00 часот, со назнака „За интерен оглас” или по пошта.**

Кон пријавата кандидатите треба да приложат:
-кратка биографија;
-уверение дека е студент на втор или трет циклус на студии;
-уверение или диплома за завршен прв циклус студии на факултетот и
-уверение за државјанство.

Интерниот оглас трае 8 (осум) дена од денот на објавувањето.
Неблаговремените и некомплетни пријави нема да се разгледуваат.

**Технолошко-технички факултет Велес**